Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "МАКЕДОНИЈАПАТ" ц.о.
Бр. 02-6717
30.09.2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10 , 6/12 и 119/13) и член 23 од Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонијапат" Скопје, Управниот одбор на седницата одржана на ден 30.09.2013 година донесе:

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА "МАКЕДОНИЈАПАТ"-СКОПЈЕ

**Член 1**

Во Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонијапат"–Скопје бр. 01-251 од 04.06.2012 година , членот 35 се менува и гласи:

"Вработените во јавното претпријатие кои вршат стручно-административни, нормативно правни, извршни, управни, статистички, административно-надзорни, плански, кадровски, материјално-финансиски, сметководствени, информатички работи и други работи од административна природа во врска со вршењето на работа од јавен интерес согласно со закон имаат статус на јавни службеници и во однос на нивните права,обврски и одговорности од работниот однос се применуваат одредбите од Законот за јавните службеници.

Вработените во јавното претпријатие кои вршат работи од дејноста од јавен интерес за која е основано јавното претпријатие, а кои не се од административна природа,како и вработените кои вршат помошни и технички работи,немаат статус на јавни службеници и во однос на нивните права, обврски и одговорности од работниот однос се применуваат одредбите од Законот за работните односи."

**Член 2**

Оваа статутарна одлука влегува во сила на денот на објавувањето на огласната табла во Јавното претпријатие, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Управен одбор

Претседател

Китан Павловски,дипл.прав.